Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2006 година.

Број 07-1913/1
5 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Член 1

Во Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2001 и 5/2003), во членот 2 точката 2 се брише.

Член 2

Во членот 3 став 1 зборовите: "од машки пол" се бришат, а бројот "17" се заменува со бројот "18".

Ставот 2 се брише.

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

"Граѓаните имаат право доброволно да го служат воениот рок на начин и под услови утврдени со овој закон.

Воената обврска на граѓаните се состои од обврската на служење во резервен состав."

Член 4

Во членот 7 ставот 1 се менува и гласи:

"Доброволното служење на воениот рок трае три месеца."

Во ставот 2 зборовите: "Обврската за служење" се заменуваат со зборовите: "Доброволно служење на".

Член 5

Членовите 8, 9 и 10 се бришат.

Член 6

Насловот "2. Учество во цивилната заштита" и членовите 11 и 12 се бришат.

Член 7

Во членот 13 став 2 зборовите: "силите на цивилната заштита што ги формира Републиката" се заменуваат со зборовите: "републичките сили за заштита и спасување".

Член 8

Во членот 14 став 1 зборовите: "и цивилната заштита" се бришат.

Член 9

Во членот 17 точка 9 зборовите: "и ден на цивилната заштита" се бришат.

Член 10

Во членот 19 точките 7, 8 и 10 се бришат.

Точката 9 станува точка 7.

Точките 11 и 12 стануваат точки 8 и 9.

Во точката 13 која станува точка 10 алинеите 8, 10 и 13 се бришат.

Во точката 14 која станува точка 11 алинејата 2 се брише.

Член 11

Во членот 20 точка 2 зборовите: "и загрозеноста на територијата од природни непогоди и други несреќи" се бришат.

Точките 19, 20 и 25 се бришат.

Точките 21, 22, 23, 24 и 26 стануваат точки 19, 20, 21, 22 и 23.

Во точката 27 која станува точка 24 зборовите: "тајните податоци" се заменуваат со зборовите: "класифицирани информации".

Точките 28 и 29 стануваат точки 25 и 26.

Точката 30 се брише.

Точката 31 која станува точка 27 се менува и гласи:

"27) води евиденција и врши пополнување на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката;".

Точките 32 и 33 се бришат.

Точките 34 и 35 стануваат точки 28 и 29.

Во точката 36 која станува точка 30 зборовите: "тајноста на податоците" се заменуваат со зборовите: "класифицираните информации".

Точките 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44 и 45 стануваат точки 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39.

По точката 46 која станува точка 40 се додава нова точка 41, која гласи:

"41) дава стручна помош на министерствата и другите органи на државната управа и управните организации во спроведувањето на подготовките за одбрана;".

Точките 47, 48, 49 и 50 стануваат точки 42, 43, 44 и 45.

Во точката 51 која станува точка 46 зборовите: "регрутирање и пополнување на постојаниот состав на Армијата со регрути" се бришат.

Точките 52 и 53 стануваат точки 47 и 48.

Член 12

Во членот 25 став 2 точката 7 се брише.

Точките 8, 9 и 10 стануваат точки 7, 8 и 9.

Член 13

Во членот 26 точка 10 зборовите: "тајните податоци" се заменуваат со зборовите: "класифицираните информации".

Точките 18 и 19 се бришат.

Точките 20 и 21 стануваат точки 18 и 19.

Член 14

Во членот 27 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "со мандат од три години".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"За началник на Генералштабот на Армијата исто лице може да биде поставено најмногу два мандата едноподруго."

Член 15

Во членот 29 став 2 зборот "регрути" се брише.

Член 16

По членот 41 се додава нов член 41-а, кој гласи:

"Член 41-а

По исклучок од членот 41 став 3 на овој закон, во согласност со ратификуван меѓународен договор, одлука за испраќање на единици на Армијата за учество во мировни операции и во операции за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија предводени од НАТО, донесува Владата."

Член 17

Во членот 50 точката 1 се брише.

Точката 2 која станува точка 1 се менува и гласи:

"1) војник - за време на доброволното служење на воениот рок и".

Точката 3 станува точка 2.

Член 18

Во Главата В поднасловот "а) Регрутна обврска" и членовите од 51 до 61 се бришат.

Називот на поднасловот "б) Обврска за служење на воениот рок" се менува и гласи:

"а) Доброволно служење на воениот рок".

Член 19

Членот 62 се менува и гласи :

"Сите граѓани на Република Македонија, оценети како способни за воена служба, можат по сопствено барање да се упатат на служење воен рок по наполнувањето на 18 години.

Граѓанинот ќе биде упатен на служење на воениот рок согласно со потребите на Армијата.

Поканата за служење на воениот рок се доставува до граѓанинот најдоцна 30 дена пред денот на упатување на служење на воениот рок."

Член 20

По членот 62 се додаваат шест нови члена 62-а, 62-б, 62-в, 62-г, 62-д и 62-ѓ, кои гласат:

"Член 62-а

Со стапување во Армијата, граѓанинот станува војник и од тој ден се смета дека го служи воениот рок.

Член 62-б

Лекарски и други прегледи и психолошки испитувања на граѓаните заради утврдување на способноста за воена служба вршат здравствени установи што ги определува министерот за одбрана во согласност со министерот надлежен за работите на здравството.

Наодите од лекарските и други прегледи и психолошките испитувања на граѓаните се впишуваат во здравствен картон на граѓанинот, на образец кој го пропишува министерот за одбрана.

Член 62-в

Способноста на граѓанинот за воена служба, врз основа на наодите на извршените лекарски и други прегледи и психолошки испитувања, ја оценува комисија формирана од министерот за одбрана.

Со актот од ставот 1 на овој член се определува составот, седиштето и начинот на работа на комисијата.

Министерот за одбрана донесува правилник за критериумите за оценување на способност на граѓаните за воена служба.

Член 62-г

Оцена на комисијата од членот 62-в на овој закон може да биде:

1) способен за воена служба и

2) неспособен за воена служба.

Член 62-д

На граѓанинот оценет за способен за воена служба, комисијата од членот 62-в на овој закон му го определува родот, односно службата во која ќе го служи воениот рок, врз основа на правилник за воено-евиденциски специјалности, што го донесува министерот за одбрана.

Родот, службата и воено-евиденциската специјалност на граѓанинот се определува врз основа на здравствената и психофизичката способност, видот и степенот на образованието, занимањето, знаењата, вештините и спортските активности од значење за Армијата.

Поблиски критериуми од ставот 2 на овој член за определување на родот, службата и воено-евиденциската специјалност ги пропишува со правилник министерот за одбрана.

Оцената за способноста на граѓанинот за воена служба и родот, односно службата што му е определена, комисијата ги запишува во неговата воена книшка.

Формата и содржината на образецот за воена книшка со правилник ги пропишува министерот за одбрана.

Член 62-ѓ

За оцената за способноста на граѓанинот за воена служба и за определувањето на родот, односно службата во која ќе го служи воениот рок, комисијата донесува решение.

Против решението од ставот 1 на овој член граѓанинот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до комисијата за решавање во управна постапка од втор степен од областа на одбраната."

Член 21

Членовите од 63 до 67 се бришат.

Член 22

Во членот 68 став 1 точки 1, 2 и 3 зборот "регрут" се менува со зборот "граѓанин".

Во ставот 2 зборот "регрутите" се заменува со зборот "граѓаните", а зборовите: "а најдоцна до крајот на календарската година во која полнат 30 години" се заменуваат со зборовите: "доколку тоа го побараат по денот на престанокот на причините од ставот 1 на овој член, а најдоцна до крајот на календарската година во која полнат 26 години".

Член 23

Членот 69 се брише.

Член 24

Во членот 71 став 2 зборовите: "шест месеци, ќе се упати на доотслужување на воениот рок" се менуваат со зборовите: "три месеца, може по негово барање да се упати на доотслужување на воениот рок".

Член 25

Членот 72 се брише.

Член 26

Во членот 73 став 2 бројот "3" се заменува со бројот "1".

Член 27

Во членот 74 став 3 бројот "27" се заменува со бројот "26".

Член 28

Членот 75 се брише.

Член 29

Во членот 76 став 1 точката 1 се брише.

Точките 2 и 3 стануваат точки 1 и 2.

Член 30

Во членот 77 став 2 зборовите: "10 став 3" се заменуваат со зборовите: "62-ѓ став 2".

Член 31

Во членот 78 став 1 зборовите: "55 став 1" се заменуваат со зборовите: "62-в став 3".

Член 32

Членот 79 се брише.

Член 33

Во членот 80 зборот "регрутите" се заменува со зборот "граѓаните", а запирката по зборот "рок" и зборот "одлагањето" се бришат.

Член 34

Членот 80-а се брише.

Член 35

Во членот 85 став 5 зборовите: "член 10 став 3" се заменуваат со зборовите: "член 62-ѓ став 2".

Член 36

Во Главата V поднасловите в) и г) стануваат поднаслови б) и в).

Член 37

Членот 87-а се брише.

Член 38

Во членот 95 зборовите: "силите на цивилната заштита што ги формира Републиката" се заменуваат со зборовите: "републичките сили за заштита и спасување".

Член 39

Во членот 101 став 1 зборовите: "цивилната заштита" се заменуваат со зборовите: "и силите за заштита и спасување", а зборовите: "и набљудувањето, известувањето и тревожењето" се бришат.

Член 40

Називот на Главата VIII "НАБЉУДУВАЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ТРЕВОЖЕЊЕ" и членовите од 103 до 106 се бришат.

Член 41

Главата IX "ЦИВИЛНА ЗАШТИТА" и членовите од 107 до 126-б се бришат.

Член 42

Во членот 130 став 1 зборовите: "силите на цивилната заштита" се бришат.

Член 43

Членот 138 се брише.

Член 44

Во членот 139 став 1 зборовите: "тајните податоци" се заменуваат со зборовите: "класифицираните информации", а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "во согласност со закон".

Ставот 2 се брише.

Член 45

Во членот 146 став 2 зборовите: "цивилната заштита" се бришат.

Член 46

Во членот 148 зборовите: "учество во силите на цивилната заштита што ги формира Републиката" и зборовите: "и пронаоѓање и уништување на неексплодирани убојни средства" се бришат.

Член 47

Во членот 149 алинејата 7 се брише.

Член 48

Членот 152 се брише.

Член 49

Во членот 155 став 1 зборовите: "и во силите на цивилната заштита што ги формира Републиката" се бришат.

Во алинејата 1 зборовите: "и за извршителите на раководни должности во силите на цивилната заштита" се бришат.

Во алинејата 2 зборовите: "и другите извршители во силите на цивилната заштита" се бришат.

Член 50

Членот 160 се брише.

Член 51

Во членот 168 став 1 точките 2, 5, 6 и 7 се бришат.

Точките 3 и 4 стануваат точки 2 и 3.

Точката 8 станува точка 4.

Член 52

Во членот 170 точката 1 се брише, а точките 2, 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6.

Во точката 8 која станува точка 7 зборовите: "силите на цивилната заштита што ги формира Републиката" се заменуваат со зборовите: "републичките сили за заштита и спасување".

Точката 9 станува точка 8.

Точките 10, 11, 12 и 13 се бришат.

Точката 14 станува точка 9.

Член 53

Регрутите упатени на служење на воен рок во Армијата со оружје или без оружје, односно во цивилна служба, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се наоѓаат на служење на воениот рок, продолжуваат да го служат воениот рок во траење до истекот на воениот рок на кој биле упатени пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 54

Воените обврзници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон биле распоредени во резервниот состав, продолжуваат да служат во резервниот состав, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 55

Одредбата од членот 16 на овој закон ќе се применува по приемот на Република Македонија во членство во НАТО.

Член 56

Мандатот на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија поставен на должноста пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се смета од денот на неговото поставување на оваа должност.

Член 57

Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на неговото влегување во сила.

Прописите донесени врз основа на Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2001 и 5/2003), продолжуваат да се применуваат до донесувањето на прописите од ставот 1 на овој член, доколку не се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 58

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за одбрана.

Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".